ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 21-195/8**

**Дата: 01.03.2011**

**ДО**

**СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ**
**„МАРИЈА КИРИ СКЛОДОВСКА " - СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Средното училиште на Град Скопје„Марија Кири Склодовска" – Скопје (во понатамошниот текст СУГС „М.К. Склодовска " - Скопје) на сметката на расходи на буџет на дотации за 2009 година .

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, ние не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на сметката на основен буџет, додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива изразуваме негативно мислење.

Со ревизијата е констатирано дека училиштето има добиено опрема од друг државен орган, за која нема обезбедено потребна документација (договор за преостапување на трајно користење) согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, ниту утврдена вредност на добиената опрема , како основ за евидентирање во деловните книги и прикажување во Билансот на состојба на ден 31 декември 2009 година .

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 6 и 7 заедно со ревизија на усогласеност на СУГС „Марија Кири Склодовска“-Скопје на сметката на расходи на буџет на дотации за 2009 година, биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршувасо тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на СУГС „ Марија Кири Склодовска “ – Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Трајче Атанасоски – директор од 17.05.2006 до 15.05.2010 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на СУГС „ М.К. Склодовска“ - Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради прашањата опишани во делот „Цели и делокруг на ревизијата” ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Субјектот има добиено опрема од државен орган по пат на преотстапување на трајно користење која не е евидентирана во сметководствената евиденција поради необезбедени документи за утврдување на правото на сопственост и вредноста на истата. Поради прашањето изнесено погоре ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 25.11.2010 година до 24.12.2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на

ревизија на ден 24.12.2010 година. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на ден 17.01.2011 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-195/1 од 17.01.2011 година.

## 3.1 Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

3.1.1. Ревизијата утврди дека училиштето примило опрема од Министерството за образование и наука и Министерството за информатичко општество во рамки на проектот „Компјутер за секое дете“, и тоа: 58 преносни компјутери; 84 персонални компјутери, 406 тин клиенти; 206 училишни клупи со 412 училишни столчиња. Приемот на наведената опрема е извршен врз основа на добиени испратници потпишани од одговорните лица во училиштето. За добиената опрема не е потпишан договор помеѓу министерствата и училиштето согласно Одлуката на Владата за престанок и за давање на трајно користење на движните ствари на јавните средни училишта и согласно член 54 и 54-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи. Тоа укажува дека за наведената опрема не е дефинирана сопственоста, ниту е утврдена вредноста. Истата сѐуште не е сметководствено евидентирана согласно член 19 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради што ревизијата не се увери во објективното и реално прикажување на состојбата на постојаните средства на училиштето, прикажани на ден 31 декември 2009 година,

**Препорака**

Училиштето да обезбеди потребна документација од надлежното министерство за утврдување на вредноста на добиената опрема и да изврши сметководствено воведување. Исто така да склучи договори со министерствата кои ја преотстапиле опремата на трајно користење на училиштето.

### Вкупни ефекти од наодите

Поради изнесеното во точката 3.1.1. кое се однесува на неизвршено евидентирање на добиената опрема во сметководсвената евиденција, што е од материјално значење, ревизијата се воздржа од давање мислење во однос на Билансот на состојба на ден 31.12.2009 година.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1.1. ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на СУГС „ Марија Кири Склодовска “ – Скопје, сметка на расходи на буџет на дотации, на ден 31 декември 2009 година.

### Мислење за усогласеност со законите и прописите

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1.1, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на СУГС „ Марија Кири Склодовска “ – Скопје, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 22.02.2011 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| | | |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 24.569 | 17.388 |
| **Вкупно приходи** | **24.569** | **17.388** |
| | | |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 20.188 | 13.487 |
| Стоки и услуги | 4.381 | 3.901 |
| **Вкупно тековни расходи** | **24.569** | **17.388** |
| | | |
| **Вкупно расходи** | **24.569** | **17.388** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 2.474 | 1.522 |
| **Вкупно тековни средства** | **2.474** | **1.522** |
| | | |
| **Вкупна актива** | **2.474** | **1.522** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 595 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 1.879 | 1.522 |
| **Вкупно тековни обврски** | **2.474** | **1.522** |
| | | |
| **Вкупна пасива** | **2.474** | **1.522** |